






# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2014

МОСТ

Граѓанска Асоцијација

Издаден од Граѓанска асоцијација МОСТ

Ванчо Мицков 18б, 1000 Скопје

Република Македонија

http://www.most.org.mk

most@most.org.mk

Подготвен од: Граѓанска асоцијација МОСТ

Скопје, април, 2015 година

Сите права се задржани. Содржината на оваа публикација може слободно да биде користена за едукативни и други некомерцијални цели со наведување на изворот. Секоја репродукција мора да биде одобрена од Граѓанска асоцијација МОСТ.

**ВОВЕД** ........................................ 2

**ПРОГРАМА: ОТВОРЕНИ ИНСТИТУЦИИ** ........................................ 3

ПРОЕКТ: „МОБИЛЕН ПАРЛАМЕНТ" ........................................ 3

ПРОЕКТ: „ПРАВЕН РЕСУРСЕН ЦЕНТАР" ........................................ 7

**ПРОГРАМА: ЕДУКАЦИЈА И ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ** ........ 9

ПРОЕКТ: „ПАТУВАМЕ ВО ЕВРОПА" ........................................ 9

**ПРОГРАМА: ОДГОВОРНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ** ............... 12

ПРОЕКТ: „ДОМАШНО НАБЉУДУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСКИТЕ И ПРЕДВРЕМЕНИТЕ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2014" ........................ 12

ПРОЕКТ: „ПРАВО ДА ЗНАЕШ" ........................................ 15

**ДРУГИ АКТИВНОСТИ** ........................................ 17

УЧЕСТВО ВО ПРОЦЕСОТ НА ПОДОБРУВАЊЕ НА ИЗБОРНОТО ЗАКОНОДАВСТВО ........................................ 17

**МЕЃУНАРОДНА АКТИВНОСТ И СОРАБОТКА** ........................... 18

ПРОЕКТ: УПОТРЕБА НА НОВИТЕ ТЕХНОЛОГИИ ВО ПРОМОЦИЈАТА НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА НА ВЛАДИТЕ........................................18

ПРООЕКТ: ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ ВО ИРАК 2014 - ОБУКА И СОВЕТОДАВНА ПОДДРШКА НА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ДОМАШНО НАБЉУДУВАЊЕ ........................................ 20

ЕНЕМО........................................22

**УЧЕСТВО НА МЕЃУНАРОДНИ НАСТАНИ** ................................... 24

**УЧЕСТВО ВО МЕЃУНАРОДНИ НАБЉУДУВАЧКИ МИСИИ** ........... 24

**СТЕКНУВАЊЕ НА ИСКУСТВА** ........................................ 24

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСЕН РЕВИЗОР И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ**........................................25

**ЗА МОСТ** ........................................ 36

# ВОВЕД

Овој извештај има за цел да ја презентира работата на Граѓанската асоцијација **МОСТ** во текот на 2014-та година.

Оваа година се одржаа редовни претседателски избори заедно со предвремени парламентарни избори кои беа набљудувани од Граѓанската асоцијација **МОСТ,** со што организацијата придонесе кон зголемување на нивната транспарентност.

Во текот на 2014-та година продолжија да се спроведуваат проектите „Правен ресурсен центар", "Право да знаеш" и „Патуваме во Европа", а исто така продолжи и учеството на **МОСТ** во процесот на подобрување на изборното законодавство.

Веб страницата на проектот "Право да знаеш", беше надградена со податоци за 2012 и 2013 година, со што таа сега содржи повеќе од 380.000 поединечни статистички податоци.

Во рамките на проектот "Мобилен парламент" беа одржани 4 средби на кои присуствуваа 14 пратеници, претставници на локалната самоуправа и ресорните министерства, како и повеќе од 200 граѓани и на кои се дискутираше и се предложија препораки за одредени проблеми со кои се соочуваат општините.

Во текот на оваа година **МОСТ** ја продолжи соработка со меѓународните партнери, финишираше спроведувањето на регионалниот проект "Употреба на новите технологии во промоцијата на транспарентноста на владите", во кој учествуваа неколку организации од регионот. Беше издадена публикација со резултатите од мониторингот, а беше одржана и регионална конференција, која всушност претставуваше збир од 4 конференции кои последователно се одржуваа истиот ден во секоја од земјите од каде што доаѓаат организациите-учеснички во проектот, при што се вршеше директен пренос на интернет од секој од настаните.

Во текот на 2014-та г. продолжија активностите за институционалната реформа на ЕНЕМО со одржување на 3 средби на работни групи составени од претставници на организациите-членки на ЕНЕМО. На средбите беа развиени документи кои се од витално значење за креирањето на Стратешкиот план на ЕНЕМО 2015-2020 и за институционалната одржливост на мрежата како главна цел на проектот.

Од сето ова, може да се заклучи дека 2014-та г. беше успешна година во која **МОСТ** продолжи да ја остварува својата мисија за зајакнување на демократската култура во Македонија и зголемување на демократскиот капацитет на граѓанските организации, институции и политички актери.

# ПРОГРАМА: ОТВОРЕНИ ИНСТИТУЦИИ

## ПРОЕКТ: „МОБИЛЕН ПАРЛАМЕНТ"

### Цел на проектот

Целта на проектот „Мобилен парламент" е да даде придонес кон зголемена доверба во демократијата, преку подобрување на комуникацијата меѓу граѓаните, граѓанските организации, пратениците и локалната власт и овозможување на демократска дебата за прашања релевантни за пристапувањето на земјата во ЕУ, со што ќе се влијае врз креирањето на политики и донесувањето на одлуки на национално и локално ниво.

Проектот „Мобилен парламент" предвидува организирање на 20 средби низ целата држава помеѓу граѓаните, граѓанските организации и пратениците од Собранието на РМ.

Проектот е дел од напорите на МОСТ да работи на поврзување на граѓаните и нивните избрани претставници и претставува продолжение/надградување на активностите од претходните фази на проектот, кои беа спроведени во периодот 2003-2008. Во овој период беа спроведени 4 фази, организирани беа 93 средби, со учество на повеќе од 3.500 граѓани, 211 пратеници од 2 различни парламентарни состави и 48 претставници од единиците на локалната самоуправа.

Овој пат темите на средбите ќе бидат во рамките на однапред дефинирани области на интервенција кои произлегуваат од обврските што земјата има преземено во текот на процесот на пристапување кон ЕУ, како на пример: права на жените и родова рамноправност, еднакви можности, социјално ранливи групи и лица со посебни потреби, регионални политики, со акцент на животната средина, земјоделство и рурален развој и нелегална миграција.

Проектот „Мобилен парламент" започна да се имплементира во март 2014 година, а ќе трае до септември 2015 г.

### Предвидени активности:

- *Подготвителна фаза*

  - Подготовка и спроведување на теренска и медиумска кампања за промоција на проектот;
  - Истражување во 6 тематски приоритети: а) права на жените и родова еднаквост; б) еднакви можности; в) социјално ранливи лица и лица со посебни потреби; г) регионални политики, со акцент на животната средина; д) земјоделство и руралниот развој; ѓ)

нелегална миграција и прашања поврзани со лица кои бараат азил во земјите на ЕУ, со цел да се утврди нивната импликација и влијанието на различните заедници.

- *Спроведување на 20 состаноци/јавни дебати во сите 6 изборни единици со граѓаните, граѓанските организации, пратениците и претставниците од единиците на локална самоуправа за прашања од локално значење*

  - Комуникација со пратеници, единици на локална самоуправа, мобилизација на целните групи и граѓанските организации, со цел да се обезбеди нивното присуство на состаноците/јавните дебати;
  - Одржување на состаноци/јавни дебати во врска со претходно селектирани прашања од локално значење;
  - Подготовка на извештаи со препораки за решавање на локалните проблеми од секоја одржана средба;
  - Споделување на извештаите со препораки до јавноста, пратениците и локалните власти.

- *Мониторинг на работата на Собранието и на единиците на локалната самоуправа и информирање на јавноста за напредокот во однос на препораките од средбите*
  - Следење на седниците за пратенички прашања во Собранието на РМ;
  - Следење на седниците на советите на единиците на локална самоуправа;
  - Продукција на квартални видео емисии во врска со локалните проблеми и препораките за нивно надминување, како и нивно емитување на локалните медиуми;
  - Подготвување на квартални извештаи за напредокот на препораките и нивно споделување со јавноста, Владата, пратениците и локалните власти.

**Постигнати резултати**

- *Подготвителна фаза*

Периодот пред и по одржувањето на предвремените парламентарни избори беше искористен за подготовка на медиумската кампања, како и за спроведување на истражувањето во рамките на 6-те тематски приоритети преку кое се овозможи да се пронајдат проблемите/темите кои би биле дискутирани за време на средбите.

- *Спроведување на 20 состаноци/јавни дебати во сите 6 изборни единици со граѓаните, граѓанските организации, пратениците и претставниците од единиците на локална самоуправа за прашања од локално значење*

Имајќи предвид дека во април 2014 г. беа одржани предвремени парламентарни избори, спроведувањето на главната активност на проектот, односно одржувањето на средбите беше одложено за месец септември.

Во текот на 2014 г. беа одржани вкупно 4 средби на кои присуствуваа 14 пратеници, претставници на локалната самоуправа и ресорните министерства, како и повеќе од 200 граѓани.



**Првата средба** во рамките на оваа фаза од проектот беше одржана во **Тетово** на 30.10.2014 на тема **„Каков воздух ќе дише Тетово оваа зима?"**. На средбата присуствуваа тројца пратеници, двајца претставници од Министерството за животна средина и просторно планирање и 53 граѓани, членови на граѓански организации, медиуми. Од средбата произлегоа 9 заклучоци и препораки.

Извештај од средбата

**Втората средба** се одржа во **Прилеп** на 14.11.2014 на тема **„Пратениците и граѓаните отворено за ромските прашања и проблеми"**. На средбата присуствуваа четворица пратеници, повеќе претставници од локалната самоуправа и 40 граѓани, членови на граѓански организации, медиуми. Од средбата произлегоа 11 заклучоци и препораки.

Извештај од средбата

На 27.11.2014 во **Битола** се одржа **третата средба** на тема **„Пратениците и граѓаните за почист воздух во Битола"**. На средбата присуствуваа четворица пратеници, повеќе претставници од локалната самоуправа, претставник од Министерството за животна средина и просторно планирање, како и 85 граѓани, членови на невладини организации, здруженија и медиуми. Од средбата произлегоа 11 заклучоци и препораки.

Извештај од средбата

Последната, **четврта средба** за 2014 г. се одржа во **Охрид** на **23.12.2014** на тема **„Дали зголемената урбанизација го уништува Охридското Езеро?"**. На средбата присуствуваа двајца пратеници и 40 граѓани, членови

на невладини организации, здруженија и медиуми. Од средбата произлегоа 8 заклучоци и препораки.

Извештај од средбата

- *Мониторинг на работата на Собранието и на единиците на локалната самоуправа и информирање на јавноста за напредокот во однос на препораките од средбите*

По одржаните 4 средби ќе биде спроведен мониторинг на Собранието и на локалните самоуправи по што ќе биде подготвен квартален извештај за напредокот на препораките и заклучоците од средбите. Истиот ќе биде споделен со јавноста, Владата, пратениците и локалните власти.

**Донатори**

Европска унија, преку Европскиот инструмент за демократија и човекови права (ЕИДХР).

## ПРОЕКТ: „ПРАВЕН РЕСУРСЕН ЦЕНТАР“

Бесплатниот пристап до законодавството во многу европски земји е востановена практика, додека пак во нашата држава претставува финансиско оптоварување за граѓаните и компаниите. Јавни расправи се одржуваат ретко, а дебати околу предлог-законите се случуваат само во рамките на парламентарните сесии. Доближувањето на законите поблиску до граѓаните и овозможување на поширока дебата е неопходен услов за развој на стабилно и демократско општество.

### Основна цел на проектот

Основна цел на Правниот ресурсен центар е да обезбеди брз, лесен и бесплатен пристап до законите донесени од Собранието на Република Македонија, судската практика на Врховниот суд на Република Македонија, како и да обезбеди простор за информирање на граѓаните и отворање на јавни дебати за предлог-законите.

### Активности и постигнати резултати

Проектот започна да се имплементира во 2004-та година, и оттогаш се разви во водечки ресурс во сферата на граѓанските услуги поврзани со законодавството и информирањето. Порталот http://www.pravo.org.mk е уникатен, лесно достапен и бесплатен ресурс којшто на граѓаните им дозволува пристап до целокупното законодавство на Република Македонија и до голем број анализи на закони и судска практика, како од Врховниот суд на Република Македонија, така и од Европскиот суд за човекови права. До повеќето од овие законодавни документи граѓаните може да обезбедат пристап и преку Службен весник на Република Македонија, но за таа услуга се наплаќа определена сума која не може да си ја дозволи секој граѓанин. Идејата започна да се развива и продолжи да се имплементира поради разбирањето на потребата секој граѓанин во Македонија да биде информиран за промените во законодавството, а преку тоа да може да учествува во процесот на донесување одлуки. Законите го регулираат секојдневието на граѓаните и тие имаат право да имаат бесплатен пристап до нив. Потребата од овој портал е јасно видлива од показателите и повратните реакции од корисниците.

Во текот на 2014-та година се регистрирале 7.385 корисници со што вкупниот број на корисници ја достигна бројката од 82.553. Просечниот број на дневни посети на порталот изнесува 2.249.

Во овој период, на порталот беа објавени 59 нови закони, 337 измени и дополнувања на закони, како и 13 одлуки на Уставниот суд.

Од креирањето на порталот во 2004-та г. заклучно со 31.12.2013 г. вкупно се објавени: 1.527 закони, 2.847 измени и дополнувања на закони, 615 одлуки на Уставниот суд на РМ, 165 пресуди на Врховниот суд на РМ, 2.503 пресуди и одлуки на Европскиот суд за човекови права во кои како тужена страна се јавува Република Македонија и 38 анализи на правни прашања. Вкупно се направени 8.894.070 преземања на содржините од порталот.

**Интернет страница:** http://www.pravo.org.mk

**Донатори**

Од 2010 година проектот е самоодржлив. Претходно тој беше поддржан од Амбасадата на Кралството Холандија, Шведскиот хелсиншки комитет за човекови права (SHC) и Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC).

## ПРОГРАМА: ЕДУКАЦИЈА И ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ

## ПРОЕКТ: „ПАТУВАМЕ ВО ЕВРОПА"

### Цел на проектот

Проектот "Патуваме во Европа" има за цел да им овозможи патување во Европа на најдобрите студенти, преку кое тие ќе имаат можност да се запознаат со демократските вредности, обичаите и културата на земјите од Европа, да ги промовираат и доближат тие вредности во Македонија, а во исто време да ја промовираат и Македонија во Европа.

### Активности и постигнати резултати

Како и во изминатите години, така и во 2014 година, 12 претставници на најдобрите студенти во завршните години на студии еден месец бесплатно патуваа низ Европа. Ова беше осма година по ред како Граѓанската асоцијација МОСТ го реализира овој проект. Во рамките на проектот беше објавен јавен конкурс, а потоа се изврши селекција на најдобрите кандидати кои беа рангирани според однапред утврдени критериуми, со цел да бидат избрани токму оние студенти кои навистина го заслужуваат тоа.

Сите 12 македонски студенти своето патување го започнаа во Берлин, каде три дена се дружеа со околу 200 студенти од целиот регион, кои исто така беа дел од проектот. Во рамките на својот престој во Берлин студентите имаа можност да ги посетат најпознатите знаменитости во градот, но и да поразговараат со дел од пратениците од германскиот парламент, да посетат граѓански организации кои работат на теми кои се од нивен интерес, како и да разменат искуства со студенти од Германија. По престојот во Берлин, секој од студентите имаше можност сам да избере што сака да види, каде сака да патува и каде сака да ја промовира сопствената земја. За време на своето едномесечно патување студентите ја ширеа културата на дијалог и размена на различни искуства, а воедно ја запознаваа Европа и нејзините граѓани со младите од Македонија. По нивното враќање, беше организирана изложба на фотографии кои студентите ги направија за време на патувањето. Во рамките на изложбата, исто така беше прикажан и краток филм за почетокот на нивното патување во Берлин. Со цел да се поттикне креативноста на студентите, беше предвидено тие да напишат есеј (патепис) за своите доживувања. За најдобриот есеј, како и за најдобрата фотографија беа обезбедени симболични награди.

Сеќавајќи се на патувањето Кристина Мерџановска ќе напише: *„Чекорејќи по далечното европско тло, сфатив дека иако мојот сон се претвори во јаве, никогаш нема да престанам да сонувам. Жарот за истражување на*

*непознатите територии и различните култури нема никогаш да згасне, а мотивацијата која ја добив после ова патување е посилна од кога и да било досега. Всушност, само на овој начин, учејќи и разбирајќи ги различностите, како и согледувајќи ги бројните сличности, умееме светот да го сплотиме во едно.*"

Кире Трајков, еден од студентите кои беа дел од проектот, воден од мислата на Свети Августин – *„Светот е книга, а оние што не патуваат читаат само една страна*", напиша: *„Јас овој пат прочитав многу страни. Северни, западни, јужни... И сите беа различни. И сите беа убави. И сите ја нудеа својата приказна која ја прераскажуваа преку историјата, архитектурата, навиките, луѓето...*" За крај во својот есеј Кире ќе напише: *„Единствената личност која што те спречува да бидеш среќен си ти самиот. Јас велам, животот е премногу краток за да слушаме како треба. Патувај и направи го тоа сега!*"




Дополнителна вредност  на проектот е што истиот придонесе за позитивно претставување на Македонија на граѓаните на ЕУ. Секој студент дистрибуираше брошури во кои беа претставени значајни знаменитости од Македонија. Брошурите беа обезбедени од страна на Националната агенција за развој и поддршка на туризмот.

Досега, повеќе од 140 студенти имаа можност да ја истражат Европа преку проектот „Патуваме во Европа".

**Интернет страница:** http://www.patvoevropa.org.mk

**Facebook страница:** Патуваме во Европа 2011

**Донатори**

Фондација Роберт Бош преку Балканскиот фонд за демократија (BTD), а средства и услуги донираа и неколку домашни компании.

# ПРОГРАМА: ОДГОВОРНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ

## ПРОЕКТ: „ДОМАШНО НАБЉУДУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСКИТЕ И ПАРЛАМЕНТАРНИТЕ ИЗБОРИ 2014"

**Цел на проектот**

Зголемување на транспарентноста на изборниот процес, преку вклучување на граѓаните во истиот како домашни набљудувачи.

**Специфични цели на проектот**

- Да обезбеди учество на граѓаните во процесот на непартиското набљудување на изборите;
- Да осигури почитување на правото и законите при спроведување на гласањето на избирачките места;
- Да ја подигне свеста кај граѓаните за нивните права и обврски за проверка на податоците во Избирачкиот список.

Претседателот на Собранието на Република Македонија ги распиша редовните претседателски избори на 1-ви февруари 2014 г., а на 6-ти март ги распиша предвремените парламентарни избори.

Првиот изборен круг од претседателските избори се одржа на 13-ти април, а вториот круг од претседателските избори заедно со предвремените парламентарни избори на 27-ми април..

Со распишувањето на предвремените парламентарни избори за првпат се создаде ситуација во која се одржуваа два паралелни изборни процеси со различни рокови за спроведување на изборните дејствија. Една од последиците на ваквата ситуација беше и постоењето на разлика во бројот на избирачи помеѓу избирачкиот список за претседателските и избирачкиот список за парламентарните избори. Така, во Избирачкиот список за претседателските избори беа запишани  1.779.572 избирачи, додека пак во Избирачкиот список за парламентарните избори беа запишани 1.780.128 избирачи.

На изборите за претседател на Република Македонија учествуваа 4 кандидати, додека пак на предвремените парламентарни избори учествуваа 9 политички партии и 5 коалиции, што е најмалку во досегашната парламентарна историја на РМ.

**Активности**

- Воспоставување на мрежата за имплементација на проектните активности;

- Редовни брифинзи со регионалните координатори;
- Регрутирање и обука на волонтери кои беа распоредени како домашни набљудувачи на изборите;
- Набљудување на предизборниот период - следење на работата на Државната изборна комисија (ДИК), општинските изборни комисии (ОИК), активностите на политичките партии и другите активности на засегнатите страни во изборниот процес;
- Набљудување на изборната кампања;
- Набљудување на предвременото гласање на внатрешно раселените лица, болните и изнемоштени лица и лицата во затвор или притвор;
- Набљудување на денот на гласање со статични набљудувачи, мобилни тимови и набљудувачи во ДИК и ОИК;
- Набљудување на постизборниот период (процесот на поднесување на приговори и тужби);
- Анализирање на извештаите и информирање на јавноста.

Изборите беа набљудувани од страна на 10.013 домашни набљудувачи (од кои Граѓанската асоцијација **МОСТ** имаше акредитирано 2.413 граѓани), 610 странски набљудувачи и 11 странски новинарски екипи.

За гласањето на 13-ти април **МОСТ** распореди 580 набљудувачи кои покрија околу 17% од вкупниот број на избирачки места во кои се спроведе гласање (3.419) во сите општини и градот Скопје. За гласањето на 27-ми април беа распоредени вкупно 1.712 набљудувачи кои покрија 50% од избирачките места во сите општини и градот Скопје. На двата изборни дена, покрај статичните набљудувачи, беа распоредени и 84 мобилни тимови составени од 2 набљудувачи (вкупно 168 набљудувачи), додека пак работата на општинските изборни комисии беше следена од 81 набљудувач.

Сите набљудувачи проследија обука за домашно набљудување на избори, а исто така им беа поделени и потребни материјали за набљудувањето: Прирачник за домашно набљудување на изборите, формулари за известување, пенкало, маица, и акредитации издадени од ДИК и **МОСТ**. Обуката на набљудувачите беше организирана од страна на регионалните координатори на **МОСТ** во соодветните регионални канцеларии.

Седниците на ДИК и на ОИК во текот на целиот процес беа предмет на набљудување. Исто така набљудувани беа и обуките спроведени за целата изборна администрација. Покрај тоа, беше набљудуван и процесот на поднесување на приговори и тужби за постапката на гласање, сумирање и утврдување на резултатите од гласањето.

## Медиумска активност

За време на изборниот процес **МОСТ** ја информираше јавноста преку 15 прес-конференции. Дополнително, за медиумите беа давани интервјуа и изјави во врска со различни аспекти и случувања во изборниот процес.

Финален извештај од набљудувањето на изборите

## Донатори

Амбасадата на Кралството Холандија, Амбасадата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, Амбасадата на Сојузна Република Германија, Швајцарската агенција за развој и соработка и Амбасадата на Кралството Норвешка од Белград.

## ПРОЕКТ: „ПРАВО ДА ЗНАЕШ“




Проектот започна да се спроведува од август 2012-та година и презентира прашања од јавен интерес преку реално и методолошко прибирање на статистички и веродостојни податоци. Исто така, преку иновативен начин на презентирање на податоците има за цел да ги информира и активира граѓаните, граѓанските организации, новинарите, блогерите и останатите чинители во општеството. Сегашната фаза од проектот започна да се спроведува од август 2014 г. и ќе трае до декември 2015 г.

### Основна цел на проектот

Основната цел на проектот е да придонесе кон поинформирано и посилно граѓанство.

### Специфични цели на проектот

- Функционален, постојан и моќен интернет ресурс кој преку користење и вкрстување на официјални статистички податоци и податоци добиени со истражувања, на визуелен и лесен за користење начин, цели кон различни чинители и групи на граѓани.

- Зголемен обем на податоци споделени со граѓаните за аргументирана јавна дебата и креирање на јавниот дискурс на национално, регионално и локално ниво.

- Зголемено ниво на употреба на отворените податоци од страна на општествените чинители/граѓаните преку: истражувања на прашања од јавен интерес по барање на граѓаните, активности за градење на капацитетите на заедницата и промотивна кампања.

### Активности и постигнати резултати

Процесот на прибирање на податоци се врши преку интернет истражување и испраќање на барања за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателите на информации. Базите со податоци се креираат единствено со официјални податоци од државни органи, институции и единиците на локалната самоуправа.

Во периодот август-декември 2014 г. се спроведуваше подготвителната фаза во која датабазата на веб страницата од проектот, http://www.pravodaznaes.mk, беше надградена со податоци за 2012 и 2013 година, со што таа сега содржи повеќе од 380.000 поединечни статистички

податоци. Сите податоци објавени на веб страницата се достапни на македонски, англиски и албански јазик.

Во текот на 2014 г. ќе се продолжи со објавување на податоци кои ги презентираат состојбите во различни општествени сфери. Ќе бидат подготвувани анализи на одредени теми кои ќе бидат објавувани 2 пати месечно, еднаш месечно ќе се објавуваат рангирања на општините или регионите, а ќе бидат организирани и обуки за новинари и за претставници од граѓанските организации за претставување на веб страницата и нејзините можности, по што учесниците ќе имаат за задача да подготват прилози и анализи делумно користејќи ја датабазата на Право да знаеш.

**Интернет страница:** http://pravodaznaes.mk

**Донатори**

Амбасадата на Кралството Холандија.

# ДРУГИ АКТИВНОСТИ

## УЧЕСТВО ВО ПРОЦЕСОТ НА ПОДОБРУВАЊЕ НА ИЗБОРНОТО ЗАКОНОДАВСТВО

***Цел**: Подобрување на изборната легислатива, изборниот процес и надминување на изборните нерегуларности.*

**Активности и постигнати резултати**

Работните групи креирани во насока на исполнување на целите од Пристапниот дијалог на високо ниво со Европската комисија продолжија со работа и по изборите во 2013-та година. Работната група во рамките на Министерството за правда беше задолжена за подготвување на нови измени и дополнувања на Изборниот законик со кои требаше да се имплементираат препораките од извештаите на ОБСЕ/ОДИХР од претходните избори. Работната група во рамките на Државната изборна комисија задолжена за проверка на Избирачкиот список исто така продолжи со работа. И двете работни групи беа составени од претставници на релевантните државни институции, претставници од политичките партии, и Граѓанската асоцијација **МОСТ** како претставник на граѓанскиот сектор.

Работната група во рамките на Министерството за правда одржа 5 состаноци во периодот август-ноември 2014-та г. Состаноците на работната група не резултираа со предлози за изменување на Изборниот законик.

Работна група за проверка на Избирачкиот список одржа само 1 состанок, во септември 2014-та г. На овој состанок беше презентиран Акциски план за спроведување на Методологијата за проверка на Избирачкиот список, подготвен врз база на Стратегијата за проверка на Избирачкиот список подготвена од експертот на ОБСЕ/ОДИХР во 2013 г. Иако на состанокот беше заклучено дека може да се започне со технички подготовки за спроведување на активностите од акцискиот план, оттогаш па до крајот на годината ДИК не закажа нов состанок на работната група.

# МЕЃУНАРОДНА АКТИВНОСТ И СОРАБОТКА

## ПРОЕКТ: УПОТРЕБА НА НОВИТЕ ТЕХНОЛОГИИ ВО ПРОМОЦИЈАТА НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА НА ВЛАДИТЕ

Во рамките на регионалниот проект "Употреба на новите технологии во промоцијата на транспарентноста на владите" Граѓанската асоцијација **МОСТ** и оваа година ја продолжи соработката со Центарот за демократска транзиција од Црна Гора. Покрај **МОСТ** и ЦДТ, дел од проектот беа и Центарот за истражување, транспарентност и одговорност – ЦРТА од Србија и Зошто не од Босна и Херцеговина.

### Цел на проектот

Промовирање на употребата на новите технологии во поттикнувањето на транспарентноста на владите во Југоисточна Европа.

### Активности

Главната активност на проектот беше спроведена во 2013 г. и се состоеше во мониторинг на веб страниците на владите и министерствата на земјите од каде што доаѓаат организациите-учеснички во проектот кој се однесуваше на следните 5 области: транспарентност на работата, буџетска транспарентност, слободен пристап до информации од јавен карактер, учество на засегнатите страни во креирањето на политиките и користење на новите технологии во комуникацијата со граѓаните.

Во текот на месец јануари 2014 г. беше објавена публикацијата од истражувањето во која подетално беа прикажани резултатите од мониторингот во сите земји од каде што доаѓаа организациите-учеснички во проектот. Прво беа прикажани вкупните оценки на министерствата, а потоа областите во кои има најдобри и најлоши резултати. На крај беа предложени препораки за Владата и министерствата.




На 7 февруари беше одржана регионална конференција која всушност претставуваше збир од 4 конференции кои последователно се одржуваа истиот ден во секоја од земјите од каде што доаѓаат организациите-учеснички во проектот, при што се вршеше директен пренос на интернет од секој од настаните.



На конференцијата во Македонија учествуваа претставници од институциите и граѓанскиот сектор, при што се дискутираше за резултатите од спроведениот мониторинг, а беа предложени и препораки за подобрување на употребата на новите технологии во работата на институциите, во насока на веќе објавената публикација.

Употреба на новите технологии во промоцијата на транспарентноста на владите

**Интернет страница:** http://otvorenevlade.cdtmn.org

**Донатори**

Национален фонд за демократија (National Endowment for Democracy - NED)

## ПРОЕКТ: „ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ ВО ИРАК 2014: ОБУКА И СОВЕТОДАВНА ПОДДРШКА НА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ДОМАШНО НАБЉУДУВАЊЕ“

Трет пат по ред МОСТ се докажа како ефикасен организатор и доверлив партнер во давање поддршка кон домашното набљудување на избори од страна на невладините организации во Ирак. Проектот беше имплементиран во периодот март–мај 2014 и претставува продолжување на заедничките напори на МОСТ и Мерси Корпс (Mercy Corps) да ги изградат капацитетите на граѓанските организации во Ирак за спроведување на домашно набљудување на избори, во согласност со Декларацијата на универзални принципи за домашно набљудување на избори од страна на граѓански организации и други меѓународни стандарди.

**Цели на проектот**

- Градење на капацитетите на граѓанските организации во Ирак и Курдистан со цел да ги набљудуваат изборите во согласност со Декларацијата на универзални принципи за домашно набљудување на избори од страна на граѓански организации и други меѓународни стандарди, вклучувајќи и набљудување на изборната кампања, ангажирање и обучување на набљудувачи, набљудување на процесот на гласање и броење на гласовите и известување.
- Координирање на процесот на известување на граѓанските организации за време на набљудувањето, преку заедничко обучување/советување/ менторирање за меѓународните стандарди и техники за набљудување, употребувајќи унифицирана методологија и унифициран формулар за известување.
- Пружање помош на граѓанските организации во подготвувањето и презентирањето на соопштенијата за јавност во текот на изборниот ден, прелиминарната изјава, како и финалниот извештај за изборите.
- Спроведување на независна анализа на изборите со користење на јавно достапни извори – оценка на предизборниот и постизборниот период.

Фактот што ова беше трета мисија во период од една година укажува дека се работи за конзистентен пристап кој обезбедува континуитет. Три од организациите кои беа избрани за овој проект веќе ги изградија своите капацитети при набљудувањето на локалните избори во Курдистан, Ирак во 2013 г., додека една организација исто така ги и набљудуваше парламентарните избори во Курдистан во 2013 г. Како резултат на овие активности, организациите ги изградија своите капацитети, вештини и

човечки ресурси, со што се подготвени за спроведување на домашно набљудување на изборите без потреба од помош или менторство.

**МОСТ** обезбеди обука и советодавна поддршка на 10 граѓански организации од Ирак (селектирани на конкурс спроведен од Мерси Корпс) во периодот март-мај 2014 г.

Тимот на **МОСТ** се состоеше од 15 меѓународни експерти од Европа и Блискиот Исток. За време на предвременото гласање и изборниот ден беше ангажиран и дополнителен тим составен од 8 лица кој беше лоциран во канцеларијата на **МОСТ** во Скопје.

Организациите формираа неформална коалиција за набљудување на изборите, при што секоја од нив се придржуваше до меѓународно признатата методологија за набљудување на изборите и се користеа унифицирани формулари и процедури за собирање на податоците. Организациите исто така користеа унифицирана методологија за обука, базирана на регулативите на Независната висока изборна комисија и меѓународните стандарди за граѓанско и непартиско набљудување на изборите, а се користеше и унифициран систем за распоредување на набљудувачите и мобилните тимови.

Организациите ангажираа 2.824 граѓани за набљудување на предвременото гласање и изборниот ден во 10 провинции, со што беа покриени 15,3% од гласачките места на денот на предвременото гласање и 13,1% од гласачките места на изборниот ден. Набљудувачите исто така беа поддржани од 76 мобилни тимови. Покрај набљудувањето на гласањето, 65 обучени набљудувачи ја набљудуваа и изборната кампања во 10-те провинции.

Две од организациите спроведуваа мониторинг на медиумите, покривајќи 34 медиуми со 51 обучен набљудувач. Мониторингот на медиумите започна 6 дена по почетокот на изборната кампања и траеше се до изборниот ден.

Искуството на **МОСТ** и тимот на меѓународни експерти во организирање и спроведување на домашно и меѓународно набљудување на избори во пост-конфликтните демократии во развој во Европа и на Блискиот Исток беше главниот фактор за успешното градење на капацитетите на граѓанските организации во Ирак.

## Донатори

УСАИД преку Мерси Корпс (Mercy Corps)

## ЕНЕМО

Граѓанската асоцијација **МОСТ** е членка на Европската мрежа на организации кои набљудуваат избори (ЕНЕМО) од октомври 2004 г. Во декември 2013-та г. Граѓанската асоцијација **МОСТ** беше повторно избрана за Генерален секретар на организацијата, функција која е во надлежност на **МОСТ** од ноември 2009-та година. Оваа позиција самата по себе е многу важна за мрежата на ЕНЕМО, но и за самата асоцијација. Една од функциите кои произлегуваат од оваа позиција е фацилитирање на процесот на обезбедување на средства за распоредување на меѓународните набљудувачки мисии кои ги спроведува ЕНЕМО, нивна организација и имплементација.

Во мај 2014 година беа спроведени предвремени претседателски избори во Украина, по драматичните настани кои се случија кон крајот на 2013 година. За таа цел, во месец февруари Граѓанската асоцијација **МОСТ** го започна процесот на обезбедување средства за распоредување на набљудувачка мисија, со цел да се контактираат што е можно поголем број на донатори и да се обезбедат средства за распоредување на поголем број набљудувачи. Овој процес резултираше со обезбедување на средства од следниве донатори:

- УСАИД преку Националниот демократски институт (NDI);
- Бирото за демократија, човекови права и труд при Стејт Департментот на САД, преку Националниот демократски институт (NDI);
- Амбасадата на Сојузна Република Германија во Киев и
- Европскиот фонд за развој при Европската унија.

Во рамките на оваа мисија, Граѓанската асоцијација **МОСТ** учествуваше со еден претставник во главниот тим и 16 краткорочни набљудувачи. Како дел од главниот тим, Граѓанската асоцијација **МОСТ** учествуваше и со свој претставник на позиција аналитичар во текот на изборниот ден.

Во октомври 2014 година се одржаа предвремените парламентарни избори во Украина. Поддршката за распоредување на набљудувачка мисија на

ЕНЕМО за овие избори Граѓанската асоцијација **МОСТ** ја обезбеди преку продолжување на соработката со горенаведените донатори.

Како дел од структурата на оваа ЕНЕМО мисија, **МОСТ** беше преставен со еден претставник во главниот тим, три долгорочни набљудувачи и 9 краткорочни набљудувачи. Во текот на изборниот ден, Граѓанската асоцијација **МОСТ** распореди и два набљудувачи во главниот тим како поддршка во процесот на собирање на податоци од набљудувачите и нивно анализирање.

Во 2014 година, Граѓанската асоцијација **МОСТ** во рамките на ЕНЕМО ги спроведе и активностите предвидени со проектот за институционална реформа на ЕНЕМО кој е подржан од Националниот фонд за демократија (NED) кој беше започнат во 2013 година. Имено, во февруари, јуни и декември во Скопје беа одржани 3 средби на работни групи составени од претставници на организациите-членки на ЕНЕМО. На средбите беа развиени документи кои се од витално значење за креирањето на Стратешкиот план на ЕНЕМО 2015-2020 и за институционалната одржливост на мрежата како главна цел на проектот.

## УЧЕСТВО НА МЕЃУНАРОДНИ НАСТАНИ

Јуни 2014 г. - претставник на **МОСТ** учествуваше на 3-от годишен состанок за имплементација на Декларацијата на универзални принципи за домашно набљудување на избори од страна на граѓански организации, одржан во Мексико Сити, Мексико.

## УЧЕСТВО ВО МЕЃУНАРОДНИ НАБЉУДУВАЧКИ МИСИИ

Ноември 2014 г. – претставник на **МОСТ** беше дел од набљудувачката мисија на ОБСЕ/ОДИХР на парламентарните избори во Молдавија, во својство на краткорочен набљудувач.

## СТЕКНУВАЊЕ НА ИСКУСТВА

Март 2014 г. – претставник на **МОСТ** учествуваше на обука за краткорочни набљудувачи, организирана од ОБСЕ/ОДИХР, во Тирана, Албанија;

Ноември 2014 г. - претставник на **МОСТ** учествуваше на обука за долгорочни набљудувачи, организирана од ОБСЕ/ОДИХР, во Белград, Република Србија.

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСЕН РЕВИЗОР И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

До:

Раководството на

**ГРАЃАНСКА АСОЦИЈАЦИЈА МОСТ**

**СКОПЈЕ**

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на „Граѓанска асоцијација МОСТ“ (во понатамошниот текст Организацијата), кои што го вклучуваат Билансот на состојба на ден 31 декември 2014 година, како и на Билансот на приходи и расходи и Извештајот за промени во деловниот фонд за годината која завршува на тој ден и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

***Одговорност на менаџментот за финансиските извештаи***

Менаџментот на Организацијата е одговорен за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации и стандардите за финансиско известување на готовинска основа. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали се резултат на измама или грешка, избирање и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

***Одговорност на ревизорот***

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ревизијата ја спроведовме во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама и грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни со околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

До:

Раководството на

**ГРАЃАНСКА АСОЦИЈАЦИЈА МОСТ**

**СКОПЈЕ**

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР (Продолжува)**

***Мислење на ревизорот***

Според нашето мислење, приложените финансиски извештаи на „Граѓанска Асоцијација МОСТ“ Скопје ја прикажуваат реално и објективно во сите значајни аспекти, финансиската состојба на Фондацијата на ден 31 декември 2014, како и резултатите на нејзиното работење и промените во фондовите за годините кои завршуваат на тој ден, во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации и стандардите за финансиско известување на готовинска основа.

Скопје, 5 Март 2015 година

Овластен ревизор
Драган Димитров

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ**
**за годината која завршува на 31 декември 2014 и 2013**
**во илјади денари**

++

| | Белешка | 31 декември 2014 | 31 декември 2013 |
|---|---|---|---|
| Приходи од членарини и донации | 4 | 79.503 | 40.512 |
| Останати приходи | 5 | 294 | 111 |
| Вишок на приходи од претходни години | | 1.887 | 8.590 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | | **81.684** | **49.213** |
| Оперативни расходи | 6 | (33.579) | (12.893) |
| Интелектуални и други услуги | 7 | (33.351) | (31.511) |
| Капитални расходи | 8 | - | (495) |
| Трошоци за вработени | 9 | (2.607) | (2.427) |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | | **(71.537)** | **(47.326)** |
| **Вишок на приходи над расходи пред оданочување** | | **10.147** | **1.887** |
| Данок на добивка | | - | - |
| **Вишок на приходи над расходи по оданочување** | 10 | **10.147** | **1.887** |

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи.

Приложените финансиски извештаи се одобрени за издавање од страна на раководството на Фондацијата на 28 февруари 2015 и се потпишани во негово име од страна на:

Извршен директор
Дарко Алексов

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА**
**Со состојба на 31 декември 2014 и 2013**
**во илјади денари**

| | Белешки | 31 декември 2014 | 31 декември 2013 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Недвижности, постројки и опрема | 11 | 507 | 738 |
| | | **507** | **738** |
| **Тековни средства** | | | |
| Пари и парични еквиваленти | 12 | 10.281 | 2.833 |
| | | **10.281** | **2.833** |
| **ВКУПНИ СРЕДСТВА** | | **10.788** | **3.571** |
| **ОБВРСКИ И ДЕЛОВЕН ФОНД** | | | |
| **Деловен фонд** | | | |
| Деловен фонд | 13 | 507 | 738 |
| Вишок на приходи над расходи | | 10.147 | 1.887 |
| | | **10.654** | **2.625** |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски кон добавувачите | 14 | 131 | 946 |
| Други краткорочни обврски | 15 | 3 | - |
| | | **134** | **946** |
| **ВКУПНО ДЕЛОВЕН ФОНД И ОБВРСКИ** | | **10.788** | **3.571** |

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи.

Приложените финансиски извештаи се одобрени за издавање од страна на раководството на Фондацијата на 28 февруари 2015 и се потпишани во негово име од страна на:

Извршен директор
Дарко Алексов

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО ДЕЛОВНИОТ ФОНД**
**за годината која завршува на 31 Декември 2014 и 2013**
**во илјади денари**

| | Деловен фонд | Разлика меѓу прих. и расходи | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба на 01 јануари 2013** | **412** | **8.590** | **9.002** |
| Пренос на вишокот на приходи над расходи од претходен период | - | (8.590) | **(8.590)** |
| Набавени основни средства | 495 | - | **495** |
| Амортизација | (169) | - | **(169)** |
| Вишок на приходи над расходи | - | 1.887 | **1.887** |
| **Состојба на 31 декември 2013** | **738** | **1.887** | **2.625** |
| Пренос на вишокот на приходи над расходи од претходен период | - | (1.887) | **(1.887)** |
| Набавени основни средства | - | - | **-** |
| Амортизација | (231) | - | **(231)** |
| Вишок на приходи над расходи за 2014 | - | 10.147 | **10.147** |
| **Состојба на 31 декември 2014** | **507** | **10.147** | **10.654** |

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи.

## 1. ОСНОВАЊЕ И ДЕЈНОСТ НА ФОНДАЦИЈАТА

Граѓанската асоцијација МОСТ е домашна, невладина и непартиска организација, оформена во 2002 година од претставници на 20 граѓански организации од цела Македонија.

Визија - Свесните и активни граѓани водат кон одговорна власт, што е пак основа за одржливо и демократско градење на општеството во Македонија, регионот и светот.

Мисија - МОСТ работи на поттик на граѓаните и нивно мобилизирање да ги користат своите права со цел зајакнување на демократската култура во Македонија, зголемување на демократскиот капацитет на граѓанските организации, институции и политички актери, преку создавање на одржливи партнерства.

Организацијата се наоѓа во Скопје, со адреса ул. Ванчо Мицков 18 Б.

## 2. ОСНОВА ЗА СОСТАВУВАЊЕ И ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

Финансиските извештаи на Организацијата се составени во согласност со Законот за сметководство за непрофитните организации и стандардите за финансиско известување на готовинска основа објавени во Република Македонија, со цел за точно, вистинито, сигурно, сеопфатно, благовремено и ажурно искажување на билансните позиции, состојбата на средствата, обврските, изворите на средства, приходите и расходите и резултатите од работењето.

Износите во билансите и белешките кон финансиските извештаи се прикажани во илјади денари, освен ако во текстот не е поинаку наведено.

## 3. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Основните сметководствени политики применети при составувањето на финансиските извештаи се наведени во продолжение на овој текст.

### 3.1 Парични средства и еквиваленти на парични средства

Паричните средства и паричните еквиваленти вклучуваат готовина во благајна и паричните средства на жиро сметките кај комерцијалните банки.

Паричните средства во благајната и на сметките во домашна валута се внесуваат во главната книга во номинален износ, а во странска валута по курсот на Народна банка на Република Македонија на денот на билансирањето.

### 3.2 Материјални и нематеријални средства

Материјалните и нематеријалните средства се евидентираат по нивната набавна вредност. Набавната вредност на долгорочните средства ја сочинува куповната цена зголемена за увозни царини, данок на додадена вредност, издатоците за превоз и сите други издатоци, кои можат да се додадат на набавната вредност, односно на трошоците за набавка. За вредноста на набавените средства истовремено се зголемува деловниот фонд на Организацијата.

Ревалоризацијата на долгорочните средства (материјални и нематеријални вложувања) се врши поради повторно вреднување ако инфлацијата на годишно ниво, мерена со пораст на цените на производителите на индустриските производи. Основица за ревалоризација претставува набавната вредност на средствата.

Ревалоризационата вредност на средствата се утврдува по пат на индексирање.

### 3.3 Амортизација

Материјалните и нематеријални средства се амортизираат со примена на пропорционалната метода, така што набавната или ревалоризираната вредност на основните средства се амортизира во еднакви годишни износи во текот на предвидениот век на употреба на основните средства.

Тековната амортизација на основните средства се евидентира на товар на деловниот фонд.

Употребените годишни стапки на амортизација за 2014 година, кои ги применува Организацијата изнесуваат: 15% за транспортни средства, 20% за компјутерска опрема, 16% за клима уреди и 20% за компјутерски софтвер.

Пресметката на амортизацијата се врши поединечно (не по групи на средства) за секое средство.

### 3.4 Признавање на приходи и расходи

Признавањето на приходите и расходите на непрофитните организации се спроведува според сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции.

Сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции значи приходите, односно расходите да се признаваат во пресметковниот период во којшто настанале според критериумот на мерливост и расположливост. Приходите, односно расходите се мерливи кога можат да се искажат вредносно. Приходите, односно расходите се расположливи кога се остварени, односно кога настанале (се наплатени т.е. платени) во пресметковниот период или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период под услов приходите да се однесуваат на пресметковниот период и служат за покритие на обврските од тој пресметковен период, односно обврската за плаќање да настанала во тој пресметковен период.

### 3.5 Износи искажани во странска валута

Трансакциите настанати во странска валута се искажуваат во денари според средниот курс на НБРМ кој важи на денот на трансакцијата.

Девизните средства и обврски во билансот на состојба се искажуваат во денари со примена на официјалните курсеви кои важат на денот на составувањето на билансот.

Нето позитивните и негативни курсни разлики кои произлегуваат од претворањето на износите во странска валута, се вклучени во Билансот на успех во периодот кога тие настануваат.

Средните (заклучните) курсеви на денарот спрема странските валути (за една единица странска валута), на 31 декември изнесуваат како што следува:

| | | **Во денари** |
|---|---|---|
| | **2014** | **2013** |
| EUR | 61,4814 | 61,5113 |
| USD | 50,5604 | 44,6824 |
| CHF | 51,1152 | 50,1764 |

## 4. ПРИХОДИ ОД ДОНАЦИИ

| | **2014** | **2013** |
|---|---|---|
| Приходи од донации | 79.503 | 40.512 |
| **Вкупно** | **79.503** | **40.512** |

### 4. ПРИХОДИ ОД ДОНАЦИИ (Продолжува)

Во текот на 2014 и 2013 година остварени се приходи од следните донатори:

| | Донатор | Износ 2014 | Износ 2013 |
|---|---|---|---|
| 1 | Амбасада на Сојузна Република Германија | 1.402 | 2.464 |
| 2 | Амбасада на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска | 1.872 | 2.517 |
| 3 | Амбасада на Швајцарија | 1.515 | 2.326 |
| 4 | ЦДТ – Центар за демократска транзиција | - | 374 |
| 5 | Европска комисија | 25.745 | 3.862 |
| 6 | Балкански фонд за демократија (BTD) – Германски Маршалов фонд | 819 | 1.992 |
| 7 | Амбасада на Кралството Холандија | 5.446 | 2.159 |
| 8 | Мерси Корпс | 19.892 | 20.341 |
| 9 | Национален демократски институт (NDI) | 19.710 | 1.589 |
| 10 | Национален фонд за демократија (NED) | - | 1.780 |
| 11 | Амбасада на Кралството Норвешка во Белград | 1.200 | 1.108 |
| 12 | Мисија на ОБСЕ во Скопје | 214 | - |
| 13 | NED | 1.688 | - |
| | **Вкупно** | **79.503** | **40.512** |

За периодот од 01 Јануари 2014 година до 31 Декември 2014 година, имплементирани се активности коишто не резултираа со приливи и одливи (трошоци и приходи) во и од организацијата, како што следи:

| Име на проект | Износ |
|---|---|
| Меѓународна мисија за набљудување на предвремените претседателски и предвремените парламентарни избори во Украина 2014 | 75.343 |
| Парламентарни избори во Ирак 2014: Обука и советодавна поддршка на граѓански организации за домашно набљудување | 10.038 |
| **Вкупно** | **85.381** |

## 5. ОСТАНАТИ ПРИХОДИ

| | 2014 | 2013 |
|---|---|---|
| Приходи од финансирање | 291 | 59 |
| Останати приходи | 3 | 52 |
| **Вкупно** | **294** | **111** |

## 6. ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ

| | 2014 | 2013 |
|---|---|---|
| Потрошени материјали | 916 | 2.876 |
| Комунални и телекомуникациски услуги | 2.338 | 2.269 |
| Транспортни услуги | 24.559 | 4.115 |
| Други материјални расходи | 88 | 444 |
| Наемнини | 1.103 | 1.199 |
| Дневници за службени патувања и патни трошоци | - | 24 |
| Премии за осигурување | 3.747 | 674 |
| Провизија за платен промет | 598 | 253 |
| Членарини | 2 | 17 |
| Останати расходи | 228 | 1.022 |
| **Вкупно** | **33.579** | **12.893** |

## 7. ИНТЕЛЕКТУАЛНИ И ДРУГИ УСЛУГИ

| | 2014 | 2013 |
|---|---|---|
| Интелектуални и други услуги | 30.387 | 28.211 |
| Персонален данок | 4.964 | 3.300 |
| **Вкупно** | **33.351** | **31.511** |

## 8. КАПИТАЛНИ РАСХОДИ

| | 2014 | 2013 |
|---|---|---|
| Опрема | - | 495 |
| **Вкупно** | **-** | **495** |

## 9. ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИ

| | 2014 | 2013 |
|---|---|---|
| Плати | 1.722 | 1.623 |
| Надомести на плати | 885 | 804 |
| **Вкупно** | **2.607** | **2.427** |

## 10. ДАНОК НА ДОБИВКА

| | 2014 | 2013 |
|---|---|---|
| Вишок приходи над расходи | 10.147 | 1.887 |
| Даночна основа | - | - |
| Данок на добивка (II * 10%) | - | - |
| **Вишок на приходи над расходи по оданочување (I-III)** | **10.147** | **1.887** |

## 11. НЕДВИЖНОСТИ, ПОСТРОЈКИ И ОПРЕМА

| | Опрема | Вкупно |
|---|---|---|
| **Набавна вредност на 01 јануари 2013** | **3.168** | **3.168** |
| Набавки | 495 | 495 |
| Продажба на основни средства | - | - |
| **Состојба на 31 декември 2013** | **3.663** | **3.663** |
| Набавки | - | - |
| Продажба на основни средства | - | - |
| **Состојба на 31 декември 2014** | **3.663** | **3.663** |
| **Акумулирана амортизација На 01 јануари 2013** | **2.756** | **2.756** |
| Амортизација | 169 | 169 |
| Продажба на основни средства | - | - |
| **Состојба на 31 декември 2013** | **2.925** | **2.925** |
| Амортизација | 231 | 231 |
| Продажба на основни средства | - | - |
| **Состојба на 31 декември 2014** | **3.156** | **3.156** |
| **Нето сегашна вредност на:** | | |
| **- 31 декември 2014** | **507** | **507** |
| **- 31 декември 2013** | **738** | **738** |

## 12. ПАРИ И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ

| | 2014 | 2013 |
|---|---|---|
| Жиро сметка | 10.239 | 2.793 |
| Благајна | 42 | 40 |
| **Салдо на 31 декември** | **10.281** | **2.833** |

## 13. ДЕЛОВЕН ФОНД

| | 2014 | 2013 |
|---|---|---|
| Деловен фонд | 507 | 738 |
| Вишок на приходи над расходи во тековната година | 10.147 | 1.887 |
| **Состојба на 31 декември** | **10.654** | **2.625** |

## 14. ОБВРСКИ КОН ДОБАВУВАЧИТЕ

| | 2014 | 2013 |
|---|---|---|
| Добавувачи во земјата | 131 | 946 |
| **Салдо на 31 декември** | **131** | **946** |

## 15. ОСТАНАТИ КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ

| | 2014 | 2013 |
|---|---|---|
| Останати краткорочни обврски | 3 | - |
| **Салдо на 31 декември** | **3** | **-** |

## 17. ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА

Со 31 Декември 2014 година организацијата нема вонбилансна изложеност.

## 18. ПОСЛЕДОВАТЕЛНИ НАСТАНИ

Не постојат материјални последователни настани, кои би имале влијание врз разбирањето на финансиските извештаи.

# ЗА МОСТ

**Граѓанската асоцијација МОСТ** е домашна, граѓанска и непартиска организација, формирана во мај 2002-ра година, од страна на претставници на 20 граѓански организации од целата држава.

**Визија**
Свесните и активни граѓани водат кон одговорна власт, што е пак основа за одржливо и демократско градење на општеството во Македонија, регионот и светот.

**Мисијата на МОСТ** е да работи на поттик на граѓаните и нивно мобилизирање да ги користат своите права со цел зајакнување на демократската култура во Македонија, зголемување на демократскиот капацитет на граѓанските организации, институции и политички актери, преку создавање на одржливи партнерства.

> ***МОСТ** верува дека зголемувањето на инволвираноста на граѓаните може да игра значајна улога во зајакнувањето на демократските институции, владеењето на правото и почитувањето на човековите права во Македонија.*

Од почетокот на своето постоење, организацијата игра значајна улога во домашното набљудување на изборите, докажувајќи се како добар организатор и достоен лидер во граѓанскиот сектор. Вклучувањето на граѓани од сите етникуми, религии и политички погледи во активности од интерес на целото општество претставува значаен успех за граѓанското општество во Македонија. Базата на податоци со повеќе од 30.000 волонтери со која располага организацијата е доволен доказ за тоа.

**Цели на организацијата**

- Да се поттикнат и мобилизираат граѓаните да станат активни учесници во демократијата во Македонија на национално и локално ниво;

- Да се поддржуваат напори и организираат активности за реформирање на институциите и процесите со цел тие да станат поодговорни, потранспарентни и поотворени кон потребите на граѓаните;

- Да се зајакне капацитетот на граѓанското општество со цел истото да овозможи гласност и простор за граѓанска акција на одржлива основа.

Со цел да се исполнат мисијата и целите на организацијата, своите активности во **МОСТ** ги спроведува во рамките на следните **програми**:

- Отворени институции;

- Едукација и вклучување на граѓаните и
- Одговорност и транспарентност.

Првиот проект на организацијата којшто ги надмина очекувањата беше "Домашно набљудување на парламентарните избори 2002 година", што претставуваше пионерски чекор во Македонија. Оттогаш па наваму, **МОСТ** има набљудувано 10 изборни процеси на национално ниво, 4 изборни процеси на локално ниво во Република Македонија, како и 4 референдуми и претставува значаен фактор кој придонесува кон поголемо ниво на транспарентност на истите.

Паралелно со заложбите за зголемување на транспарентноста на изборниот процес, **МОСТ** работи и на полето на поттикнување и мобилизирање на граѓаните да станат активни учесници во демократијата во Македонија, со што придонесува во зголемувањето и одржливоста на знаењето на граѓаните за нивните граѓански и политички права и обврски.

Поддржувањето напори и организирањето активности за реформирање на институциите и процесите беше еден од предизвиците со кои **МОСТ** се соочи во текот на своето работење. Проектите и активностите кои беа спроведени во оваа насока претставуваат пионерски обиди, не само во земјава туку и во регионот.

**МОСТ** и понатаму ќе продолжи со спроведување на активности и проекти кои ќе придонесат кон подобро функционирање на демократијата во Македонија, со што ќе ја задржи позицијата на лидер во граѓанскиот сектор.